# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РСМ

**АПРИЛ, 2023**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА РЕГИСТРИРАНИТЕ СЛУЧАИ НА ВЕБ ПЛАТФОРМАТА WWW.GOVORNAMOMRAZA.MK:



- **19** Говор на омраза поради етничка припадност
- **17** Говор на омраза поради сексуална ориентација и родов идентитет
- **12** Говор на омраза по национална припадност
- **8** Говор на омраза поради религија и религиско уверување
- **5** Говор на омраза поради политичка припадност
- **5** Говор на омраза поради пол и род
- **4** Говор на омраза поради социјално потекло
- **2** Говор на омраза поради раса/боја на кожа
- **1** Излагање на подбив на претставници на меѓународни организации
- **1** Говор на омраза врз основ на здравствена состојба
- **1** Говор на омраза поради интелектуална или физичка попреченост

„Проектот е финансиран од Фондација - Отворено општество Македонија“.

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA / ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТНИТЕ МЕХАНИЗМИ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ И ГОВОР НА ОМРАЗА

Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондација - Отворено општество Македонија“.

Во текот на месец април на веб платформата www.govornaomraza.mk беа регистрирани вкупно

59 случаи со елементи на говор на омраза и вознемирување по различни основи.

И овој месец најприсутен е говорот на омраза по етничка припадност со вкупно

19 регистрирани случаи или

25% од вкупниот број на регистрирани случаи.

Втор по застапеност е говорот на омраза кон сексуалните малцинства и различните родови идентитети во државата, со вкупно

17 регистрирани случаи или

23% од вкупниот број на регистрирани случаи.

ХОМОФОБИЧНИОТ ГОВОР Е ЗАСТАПЕН КАКО ПОСЛЕДИЦА НА ПРАДРАСУДИТЕ И СТЕРЕОТИПИТЕ НАСОЧЕНИ КОН ОВАА ЗАЕДНИЦА. ЗАБЕЛЕЖАН Е И ГОВОР НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ КОЈ ПОВИКУВА НА СМРТ И НАСИЛСТВО КОН ОВАА ЗАЕДНИЦА.

Хелсиншкиот комитет за човекови права поднесе кривична пријава против политичката партија Интегра и лидерот на оваа политичка партија за ставови пренесени на неколку македонски портали кои со својата содржина поттикнуваат омраза и дискриминација кон ЛГБТИ заедницата. Ваквиот говор е особено штетен кога доаѓа од влајателни луѓе, како став на политичка партија и лидери на политички партии, како во овој случај. Хелсиншки комитет смета дека ваквиот говор треба да подлежи на кривична одговорност.

Во текот на овој месец на социјалните мрежи беше забележан говор на омраза заради национална припадност и ксенофобичен говор на омраза, кој кулминираше по веста за убиената млада мигрантка од страна на полициски службеник, на граничниот премин Богородица.

По основ на национална припадност беа регистрирани

12 случаи на говор на омраза или

16% од вкупниот број на регистрирани случаи.

„Проектот е финансиран од Фондација - Отворено општество Македонија“.

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТНИТЕ МЕХАНИЗМИ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ И ГОВОР НА ОМРАЗА

Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондација - Отворено општество Македонија“.